РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-287/1
15-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1618/1 од 27.05.2025 година, во која е содржано укажување за потреба од претпазливост при издавање на дозвола за работа на забавен парк на територијата на општините ///, /// и /// на лица кои се осудени за вршење на физичко насилство, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-1618/1 од 27.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 27.05.2025 година, поднесена е пријава во која е содржано укажување за потреба од претпазливост при издавање на дозвола за работа на забавен парк на територијата на општините ///, /// и /// на лица кои се осудени за вршење на физичко насилство, и оформен е предмет број 12-1618/1 од 27.05.2025 година.

Во пријавата подносителот упатува на постапка за издавање на дозвола за работа на забавниот парк /// на територијата на општините ///, /// и ///, на кој се поставени рингишпил, балерина и други забавни реквизити со кои наводно стопанисуваат лицата ///,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

/// и ///, за кои од страна на Основниот суд /// е донесена осудителна пресуда за извршено кривично дело „Насилство" од член 386 ст.3 в.в. ст.1 од Кривичниот законик.
Воедно, подносителот на пријавата, без да посочи конкретни постапки и без да упати на конкретни коруптивни дејствија во тие постапки, изразил незадоволство од постапувањето на неколку институции по пријави кои тој ги доставил, а кои се однесуваат на случајот за кој постапувал Основниот суд /// и по кој е донесена споменатата пресуда, и тоа: Основното јавно обвинителство ///, Основниот суд ///, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи.
Подносителот во пријавата изразил незадоволство и од постапувањето на Општина /// во врска со укажување за потреба од претпазливост при издавање на дозвола за работа на посочените лица кое го доставил до Општината и за кое Општината го известила дека санкцијата изречена за лицата во посочената пресуда на Основниот суд /// не претставува правна пречка при издавање на одобрение за вршење на дејност за забавен детски парк на правното лице /// – ///.

Имајќи го предвид наведеното во пријавата и по извршен увид во приложената документација, ДКСК цени дека наводите од пријавата не се однесуваат на дејствија кои се опфатени со дефиницијата за корупција утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и дека истите не содржат јасни укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Дополнително, за дел од наводите постапувале други надлежни органи.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата